Врз основа на член 161 и член 155 од Колективниот договор за вработените во тутунското стопанство, а во врска со член 228 и член 269 од измените и дополнувањата на Законот за работни односи, Синдикатот на работниците од агроиндустрискиот комплекс на Република Македонија ,,АГРО-СИНДИКАТ,, и Здружението за тутунско стопанство на Организацијата на работодавачите на Македонија, склучуваат/донесуваат:

## I. СПОГОДБА

член 1

Важењето на овој Колективен договор се продолжува за шест месеци, од 21.05.2009 година до 21.11.2009 година.

член 2

Оваа Спогодба на колективниот договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на нејзиното објавување во "Службен весник на РМ".

## II. Измени и дополнувања на Колективниот договор за вработените во тутунското стопанство

член 1

До усогласување на Општиот Колективен договор за стопанството, за одредбите од Колективниот договор за вработените во тутунското стопанство кои не се усогласени со Законот за работните односи, непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за работните односи.

член 2

Овие измени и дополнувања на колективниот договор стапуваат во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на нивното објавување во "Службен весник на РМ".

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ**
**Здружение за тутунско стопанство**

**СИНДИКАТИТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД АГРОИНДУСТРИСКИОТ КОМПЛЕКС НА Р. МАКЕДОНИЈА „АГРО -СИНДИКАТ,,**

**02.06.2009**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Лидија Групчева**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Живко Даневски**